# ИЗВЕШТАЈ

# ЗА ИЗВРШЕНИТЕ АРХЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА ЛОК. „ ГРАДИШТЕ“ – МЛ. НАГОРИЧАНЕ, 2016г.

Куманово, октомври 2016

1. **Податоци за носителот на дозволата за археолошки истражувања**

   Носител на дозволата за археолошки истражувања на лок. Црквиште, с. Клечовце, Куманово, е НУ Музеј Куманово - Куманово.

2. **Податоци за истражувачкиот тим**

   Истражувачкиот тим во кампањата 2016 го сочинуваа: проф.д-р. Марјан Јованов – раководител, Дејан Ѓорѓиевски - археолог- раководител на сонда, Мирослав Петковски - археолог– раководител на сонда, Славица Цветановска – архитект.

3. **Приказ на применетата методологија, времето во кое работите се изведувани, обемот, правецот, организацијата и условите на археолошкото истражување:**

   Според барањето од страна на НУ Музеј Куманово, УЗКН издаде дозвола за систематско археолошко истражување (УП бр. 08-523 од 20.05.2016 и УП бр. 08-688 оd 01.07.2016) кое се одвиваше во периодот од **25.05-30.06 и 01.07-10.07. 2016** со средства добиени од Влада на РМ.

   Методологијата применета во истражувањата во 2016 година подразбира детално истражување и документирање на сите културни слоеви во рамките на квадратните сонди, до утврдување на постоечката здравица или цврста архитектонска стуктура. Теренската документација се води со теренски дневник, во кои се забележуваат сите опсервации за културните слоеви, фото документацијата, и техничка документација за недвижниот и движниот материјал. Теренските основи се уредно исцртани на основи во размер 1:100,1:50, 1:20. Издвоениот движен материјал се фотографира и дообработува во теренски инвентарни книги. На движниот материјал ќе му претстои процес на конзерваторски третман поради состојбата во која е пронајден. Документацијата од истражувањето се состои од техничка документација и истата е направена и во дигитална форма.

   Обработката на движниот материјал се изведуваше во НУ Музеј Куманово.

4. **Првични резултати и сознанија од истражувањето**

Овогодинешните ископувања на локалитетот Градиште – Мл. Нагоричане беа сконцентрирани кон дооткривање на архитектурата на резиденцијалниот комплекс изграден на највисоката точка на ридот. Беа поставени 4 нови сонди (11= 8х3, 12=5х5м,13=5х3,5м; 13а=3,5х3) и беа доврешени сондите 9 и 10 од 2015 година.

Во **сондата 11** беше откриен сувозид кој оди дијагонално и-з и кој прави агол кон крајот на сондата кон север. Во аголот (од внатрешната страна) има направено подлога од ситен камен премачкана со запечена глина, оградена со покрупен камен. Според својот изглед наликува на печка – огниште, иако немаше гореници врз и околу неа. Внатрешниот дел од ѕидот бил премачкан со малтер кој има цокла на долниот дел. На нивото на цоклата наидовме на набиена земја (под?) кој можеби е дел од помладите фази на користење на градбата. Ѕидот се стеснува на горниот дел, правејќи испусти од камења (остатоци од постариот ѕид или начин на градење на стабилни ѕидови?), а горниот дел бил граден со печена тула (ќерпич). Од надворешната страна наидовме на набиена земја, за која не можевме да констатираме дали е подно ниво или изгорен рушевински слој.

**Сондата 12** се наоѓа надвор од просториите и е покрај претходно откриениот канал. Според податоците кои ги добивме, на овој простор постоел трем со столбови кој го следел каналот. Тие биле поставени на претходно подготвена подлога од малтер и варовник, која личи на карпа, но е вештачки направена. Таа е поставена на дел од постар ѕид, кој пак минува над платформата која го следи каналот. На подлогата има вкопано јами (за столбови или садови), а евидентни се и трагови од силно горење. Значајно за сондата е тоа што може да се постави

јасна стратиграфија на градбите (најстара е платформата, понов е ѕидот, најпосле е направена белата подлога).

**Сондата 13 и 13а** се поставени јужно од каналот. Ситуацијата е слична со сонда 12, односно и тука има малтерна подлога на која се видливи остатоци од спален рушевински слој. На источниот профил на сондата 13 е откриен сад од камен, кој бил фиксиран на глинена подлога. Се чини дека до него минувал ѕид од набој (глинен) кој ги дели сондите 13 и 13а. Сонда 13а претставувала посебен простор, во кој пронајдовме повеќе јами за питоси, фрагменти од питоси и капаци. Од друга страна, во сонда 13 имаше повеќе градежни елементи од столбови и столпци.
**Во сонда 9** која ја доработивме од минатата година беше отстранет рушевинскиот слој, под кој се следи малтерната подлога. Во **сонда 10**, беа откриени елементи од разбој (поголемо количество на пирамидални и астрагални тегови), паднати на подно ниво. Подното ниво е поставено преку постар масивен ѕид за кој е веројатно дека имал одбранбена улога и е во насока север-југ. Ѕидот е вкопан во постар праисториски слој, а на негово место има отисоци од постар, правилно граден ѕид.
Ископувањата на локалитетот даваат значајни сознанија за периодот од 4-2 век пред н.е. Досегашните резултати зборуваат за целосна вклученост на овој дел од Македонија во цивилизациските достигања на Егејот, како преку импорти, така и преку културните автохтони достигања

5. **Преземени мерки за заштита на наоѓалиштето и наодите**

Сондите се истражени до ниво на под. Констатираните ѕидни партии и делови од архитектура се покриени со густа мрежа и затрупани со земја. Движниот материјал е донесен во Н.У. Музеј Куманово, каде што во тек е негов конзерваторски третман.

6. **Податоци за земени и предадени примероци за понатамошни лабораториски анализи**

нема

7. **Место за депонирање на движните археолошки наоди, со копија од документацијата за извршеното примопредавање**

Сиот движен археолошки материјал ќе се чува во просториите на НУ Музеј Куманово, во Куманово, односно во институцијата која е носител на проектот.

8. **Образложение за евентуалните отстапувања од предвидените позиции од основниот план или од условите определени во дозволата за археолошки истражувања**

Нема отстапки од основниот план за работа.

9. **Избор на теренска документација (копија од техничка документација и фотографии, односно фотоснимки, вклучувајќи и копија од обрасците), со која се илустрира целиот процес на реализација на истражувањето**

Избор од техничката и фотодокументација е приложен понатаму во извештајот.

10. **Финансиски извештај**

Проектот е финансиран како капитална инвестиција од Влада на РМ. До денот на изготвување на извештајот не е исплатена целосната сума и не сме во можност да го комплетираме финансискиот извештај.

**11. Заклучни согледувања и предлози**

Ископувањата од 2016 дадоа значајни резултати за стратиграфијата на локалитетот и функцијата на истражуваниот простор. Утврдивме дека има најмалку 4 фази во истражуваните градби. Последната фаза е со најскромни остатоци од живеење и се забележува во сонда 10 и 11. Надвор од градбата, на пониско ниво од сонда 11 постои изгорен под кој е поставен врз постар ѕид. На ѕидот пак му претходи нивелација од камени плочи која го следи каналот. Во таа фаза се чини дека локалитетот бил најразвиен, и многу од ѕидовите и архитектонските елементи продолжуваат да се употребуваат и во подоцнежните обнови на локалитетот. Од интерес е да продолжиме со истражувањата на градбите кои го гледат каналот, со што поточно ќе ја дефинираме хронологијата на различните фази.

Раководител

Скопје – Куманово

Марјан Јованов

05.10.2016

/---------------------------------/